**И З В Е Ш Т А Ј**

**за извршена самоевалуација**
**за учебните 2021/22 и 2022/23 година**

**ООУ „Климент Охридски“ - Миравци**

Август, 2023 година

Врз основа на Член 129, став 1,2,3 и 4 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр.161/2019 и 229/2020), училишната комисија за спроведување самоевалуација на ООУ „Климент Охридски“ – Миравци, изготви

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА**
**на работата на училиштето во периодот од учебната 2021/22 до 2022/23 година**



Школството во Миравци има длабоки корени - над 150 години. Наставата се изведувала во разни црковни и приватни објекти, а првото наменско училиште било отворено во 1884 година и за прв учител бил назначен Глигор Божинов. Како доказ за кажаното - на територијата на Миравци се пронајдени "Алфавитарии" - букварки од Кирил Пејчиновиќ, како и неговите "Огледало" и "Евангелие".

Во 1925 година, со голема помош на рускиот учител Трофим Сахненко, била изградена училишната зграда во која се изведуваше настава сѐ до 1996 година кога се преселивме во новата училишна зграда.

Новата училишна зграда е современа градба која оптимално ги задоволува условите за реализација на современа настава. Наша гордост се убаво уредениот двор и новата фискултурна сала.

Нашето училиште има долга традиција на учество на општински, регионални, а последниве години и на државни натпревари. Во годините наназад имаме освоено повеќе државни и регионални први награди и признанија по математика, физика, физичко и здравствено образование, македонски јазик, библиотекарство, природни науки, географија, сообраќајно образование, историја, противпожарна заштита и др. Учениците кои произлегуваат од нашето училиште продолжуваат да не' прават горди во нивното понатамошно образование и професионален и личен развој.

Училиштето работи според државните наставни планови и програми за сите задолжителни и изборни наставни предмети.

За да се зачуваат, но и подобрат постигањата на училиштето, мора досегашното да се анализира, евалуира, а идното проектира. Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето, да се добие слика за

квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси, за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се допринесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес. Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и вонаставните активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во се помал број, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат. Затоа со тимски ангажман пријдовме кон законската обврска за извршување на самоевалуација за изминативе учебни 2021/22 и 2022/23 години.

Комисијата формирана од Училишниот одбор при ООУ „Климент Охридски" – Миравци ги користеше насоките од Законот за основно образование и Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ, ги разгледа материјалите од Самоевалуација на училиштето за периодот од јули 2021, до јули 2023, извештаите од последниот Извештај од извршената интегрална екстерна евалуација од страна на ДПИ, Годишните програми за работа на училиштето за учебните 2021/22 и 2022/23 година и врз основа на сите го изработи Извештајот за самоевалуација. Извештајот ќе го достави до Училишниот одбор, В.д. директорот и основачот. Комисијата е составена од следните членови: Благица Ѓореска, Марија Ристова, (одделенски наставници), Сузана Ѓоргиева (предметен наставник), Ивана Ристова, (стручен соработник-педагог) и Александра Марковска (родител).

Самоевалуацијата беше извршена врз основа на дефинираните индикатори за квалитет на работата на училиштата вклучувајќи ги седумте области од дејноста на училиштето, а тоа се:

1. *Наставни планови и програми*
2. *Постигања на учениците*
3. *Учење и настава*
4. *Поддршка на учениците*
5. *Училишна клима*
6. *Ресурси*
7. *Управување, раководење и креирање политика*

Секоја област беше анализирана според индикатори за квалитет за соодветните теми што се следат во училиштето. Врз основа на добиените согледувања и констатации се изведени судовите и заклучоците каде се наоѓа нашето училиште, во која насока се движи и кои се неговите позначајни постигнувања. До информации и податоци за квалитетот на остварувањето на активностите од сите подрачја на самоевалуацијата, се дојде преку следење на педагошка евиденција и документација, следење на реализацијата на наставата и другите вонаставни активности, ресурсите со кои располага училиштето, разговори, набљудувања, анкети, анализи, извештаи и други извори на податоци.

Од Самоевалуацијата на училиштето ќе ги истакнеме добиените резултати по области и теми:

1. **Наставни планови и програми**

Оваа област е анализирана според 3 индикатори кои се изразени низ соодветните теми а тоа се :

*1.1. Реализација на наставните планови и програми;*
*1.2. Квалитет на наставните планови и програми;*
*1.3. Воннаставни активности;*

1.1. Врз основа на извршените проверки и набљудувања на првиот индикатор, беше констатирано дека училиштето ги применува соодветните наставни планови и програми донесени од МОН за секој наставен предмет. Почнувајќи од учебната 2021/2022 година, со учениците од прво и четврто одделение наставата почна да се реализира според новата Концепција за основно образование. Во учебната 2022/2023 година новата Концепција за основно образование почна да се реализира и со учениците од второ и петто одделение. За останатите одделенија наставата се реализира според стариот наставен план и програма за основно образование.

Секој наставник уште на почеток на учебната година ги запознава и информира учениците и родителите со содржините, целите и задачите на наставната програма по соодветниот предмет и им ја посочува веб страната на БРО.

Знаењата и вештините се планирани на неколку нивоа бидејќи наставниците ги прилагодуваат барањата зависно од способностите на учениците, додека пак за учениците со посебни образовни потреби се изработува индивидуален образовен план (ИОП).

Освен задолжителните предмети, учениците изучуваат и слободни изборни предмети, каде што во учебната 2021/2022 година во одделенската настава според новата Концепција за основно образование, во прво одделение се реализираа часови по слободни изборни активности (активности за личен социјален и емоционален развој), во четврто одделение се изучуваа „Цртање, сликање, вајарство“ и „Мултикултурни работилници“ распоредени по еден предмет во секое полугодие. Во учебната 2022/2023 година во петто одделение се изучуваа „Уметност-креирање од хартија-оригами“ и „Танци и народни ора“ распоредени по еден предмет во секое полугодие. Додека учениците од шесто до деветто одделение по пат на анкета одлучуваат кои наставни предмети ќе ги изучуваат како изборни. Во учебните 2021/2022 и 2022/2023 година од шесто до деветто одделение се изучуваат следниве изборни предмети: во VI одделение - запознавање со религии, во VII одд. - воспитание за околината, во VIII одд. - унапредување на здравјето и во IX одд. - вештини на живеење.

Училиштето има организирано прифаќање на учениците од I одделение еден час пред почетокот на наставата и еден час по завршувањето на наставата. Се организира дополнителна настава за учениците кои покажуваат послаби резултати и додатна настава за проширувања на знаењата на ученици кои покажуваат одлични резултати и заинтересираност за одреден предмет. Наставниците реализираат часови со примена на ИКТ и часови со интегрирани содржини од ЕКО стандарди и проектот МИО.

1.2. Родовата и етничка рамноправност е потенцирана со задачите од наставните програми и во реализацијата, интегрирани се општи меѓупредметни цели на образованието во содржини од задолжителните, изборните предмети и во воннаставните активности, а преку нив се поттикнуваат самодоверба, одговорност, иницијативност, почитување на разликите и правата на сите и јакнење на свест за припадност на Република Северна

Македонија. Со воведување на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието, училиштето реализира соодветни содржини низ наставните и вонаставните активности. Во соработка со партнер училиштата ООУ „Атанас Нивичански“ Нова Маала, Василево, и ООУ „ Страшо Пинџур“ – Јосифово, т.е. ПУ Калково (2021-22 година) се реализирани неколку заеднички активности со посета и гостувања од страна на претставници од нашето и од партнер училиштето, преку кои учениците и наставниците од двете училишта се запознаваат со мултикултурните обележја на различните етнички заедници, Се одржаа успешни Новогодишни базари, презентации за околината, потеклото и негуваните традиции во кои се наоѓа секое училиште, како и дегустација на локална традиционална храна, нашето фолклорно друштво се претстави со неколку народни ора. Преку проектот на МИО се јакне меѓусебната доверба, почит, толеранција и соживот помеѓу вклучените училишта и училиштето ќе продолжи да го негува тој дух.

Наставниците и родителите имаат можност да ги разгледуваат наставните планови и програми и и да го дадат своето мислење секогаш кога воочуваат пропусти. За истите имаат можност да дискутираат на ниво на Стручни активи, Одделенски и Наставнички совет, Совет на родители, а забелешките и сугестиите се пренесуваат на советници од БРО на заеднички средби и семинари. Но досега немало поконкретно влијание од страна на наставниците и родителите врз наставните планови и програми.

1.3. Со Наставниот план од МОН не се планирани часови од слободни ученички активности, но училиштето ги планира и организира според потребите и можностите. Се реализираат и други вонаставни активности (ученичките натпревари и екскурзии) планирани со Годишната програма и планирањата на наставниците во обем и структура како што се предвидени со Концепцијата на основното образование. Скоро сите ученици независно од полот и социо-економскиот статус се опфатени во вонаставни активности.

Учениците се вклучени во изборот и планирањето на интересни содржини и активности во работата на вонаставните активности. Учествуваат во организација и подготовка на приредби и јавни настапи за презентирање на постигањата. Учествуваат на училишни, општински, регионални и државни натпревари и литературни и ликовни конкурси. Постигнатите резулати се лична мотивација за секој ученик и афирмација на наставниците и училиштето. Резултатите од работата на секциите се презентираат преку јавни манифестации – културно-забавни програми, спортски натпревари, квизови на знаења, ученички изработки и трудови истакнати во училишниот простор, официјалната веб и фејсбук страна на училиштето и друго.

## 2. Постигнувања на учениците

Оваа област е анализирана според 3 индикатори кои се изразени низ соодветните теми а тоа се :

*2.1. Постигања на учениците;*
*2.2. Задржување/осипување на учениците;*
*2.3. Повторување на учениците;*

2.1. Постигањата на учениците се следат континуирано по секој наставен предмет во секое одделение. За секој квалификационен период добиваат описна или бројчана оценка во зависност од законската обврска за соодветното одделение. Наставата се изведува на македонски јазик, сите ученици се Македонци.

Училиштето ги подобрува постигањата на учениците со постојани укажувања за потреба од стекнување знаења и вештини за лична надградба на својата личност, што е основа за натамошно образование, за примена на стекнатите знаења во секојдневниот живот и работа и тн..

Уште со уписот на учениците во I одд. се идентификуваат ученици кај кои се забележуваат одредени ограничувања во развојот, посебни образовни потреби или пак изразени напредни способности. Педагогот ги запознава одделенските наставници со ваквите случаи и понатаму се следи нивното прилагодување односно напредување во наставата. Доколку има потреба се бара мислење од соодветни стручни лица и институции. Следењето се врши индивидуално, преку набљудување од страна на одделенскиот раководител, наставниците, како и при увид од директорот, специјален едукатор-рехабилитатор и педагогот. Заеднички се коментира и се дава оценка и препорака за приодот и тежинското ниво на барањата од овие ученици. Се комуницира и со родителите со цел да им се помогне на учениците во совладувањето на барањата од наставната програма.

За подобрување на постигањата, училиштето ги мотивира учениците со истакнување на придонесот за личен напредок, вложување во сопственото образование и формирање на продуктивна личност. Материјалното мотивирање е скромно. Јавно им се доделуваат пофалби и награди на учениците кои се истакнуваат со одличен успех, со посебно ангажирање во наставата, како и оние кои учествуваат и постигнуваат резултати на ученички натпревари и конкурси. Секоја година се избира ученик/првенец на генерацијата. Наставниците настојуваат да побудат кај учениците поголем интерес за стекнување повисоки знаења и вештини со примена на иновативна (активна) настава, ИКТ во наставата зависно од сопствените планирања и можности. Повеќето училници се опремени со компјутери и секој наставник користи компјутер при реализацијата на сопствените планирања.

2.2. Опфатот на ученици е 100 процентен. Редовноста на учениците се евидентира од страна на секој одделенски раководител, се контактира со родителите и редовно се анализира со Извештаите на училиштето. Оправданите изостаноци варираат според состојбите со здравствените промени кај учениците, а неоправдани изостаноци се добиени најчесто за доцнење на час или нередовно посетување на редовната настава, а поретко и од непочитување на куќниот ред во училиштето. Преку целата година наставниците и стручните соработници реагираа на оваа појава и се трудеа низ разговори со родителите и учениците да им укажат на штетното влијание и последиците од ова негативно однесување.

Последниве неколку години образовниот циклус во нашето училиште го завршуваат сите ученици. Нема ученици кои од било кои причини прекинале да ја посетуваат наставата.

Не е застапено осипувањето во нашето училиште.

При премин на ученици од едно во друго училиште се постапува според законските одредби, односно барање согласност од училиштето за премин, со образложение на причините за преминување, доставување преведница и известување на училиштето за запишување на ученикот по воведување на ученикот во главна книга.

2.3. Постигањата на учениците се следат континуирано од страна на наставниците, по секој класификационен период и од страна на директорот и педагогот во училиштето. Се врши споредба и анализа на постигнатиот успех по одделенија и предмети и се предлагаат мерки за надминување на воочени пропусти.

Веќе подолго време ниту еден ученик нема повторувано. Се информираат учениците и родителите за постигнатиот успех и за правото на поднесување жалба за одредена оценка. Досега немаме таков случај. За ученици кои покажуваат послаб успех, изостануваат од настава или манифестират несоодветно однесување, како и за нивните родители, се реализира советување во текот на учебната година.

Учениците постигнуваат успеси и од учество на натпревари и литературни и друг вид конкурси, но не е доволна мотивацијата за учениците и наставниците, потребни се повеќе финансиски средства за оваа намена.

### 3. Учење и настава

Оваа област е анализирана според 6 индикатори кои се изразени низ соодветните теми а тоа се :

*3.1. Планирања на наставниците;*
*3.2. Наставен процес;*
*3.3. Искуства на учениците од учењето;*
*3.4. Задоволување на потребите на учениците;*
*3.5. Оценувањето како дел од наставата;*
*3.6. Известување за напредокот на учениците;*

3.1. За реализација на наставните планови и програми, пред почетокот на секоја учебна година наставниците изготвуваат годишни, тематски наставни планови односно развојно процесни планирања и програми преку кои систематски и организирано ги реализираат предвидените наставни содржини. Во текот на изработка на истите, наставниците се консултираат меѓусебно, се консултираат со педагогот, специјален едукатор-рехабилитатор и директорот, како и со колеги од други училишта, со своите советници и др. Наставниците откога ќе ги изготват планирањата ги доставуваат кај директорот и училишниот педагог на увид, кои детално ги следат, проценуваат дали истите ги задоволуваат критериумите и за истото се доставува извештај до Наставничкиот совет и се дискутира по истиот. Има поединечни планирања со примена на интегрално планирање во одделенска настава и процесно во предметна настава. Имаме многу наставници кои предаваат во повеќе одделенија, повеќе наставни предмети, наставници во комбинирани паралелки со 3 – 5 одделенија, но тоа не е пречка истите да изработат најразлични и квалитетни планирања за секој предмет и одделение. Одделенските раководители посебно изработуваат програми за работа на одделенските часови, програми за родителски средби и соработка со родители и програма за работа за деца со посебни потреби. Освен за задолжителната настава, изготвуваат и планирања за додатна, дополнителна настава и слободни ученички активности, план за соработка со родителите. Сите планирања ги следат директорот и педагогот во училиштето со укажување и сугестии за воочени пропусти, истите се на располагање и на советници од БРО и инспектори на ДПИ. Размена на искуства и информации за планирањето, наставниците вршат преку консултации на состаноци со колегите на ниво на стручен актив од соодветни и сродни предмети од нашето училиште и со колеги од други училишта, размена на стручна литература и по

согледувањата на одредени недостатоци од реализацијата на планирањата.

3.2. Во реализацијата на наставата се користат разни форми, методи и техники зависно од карактерот на содржините: работа во групи, во парови, индивидуална работа, вежби, практични активности, користење на ресурси, со примена на постојните нагледни средства и помагала. Во нашето училиште постои разновидност на примена на наставни форми, методи и техники: работа во групи, парови, индивидуална форма, истражувања, усни презентации, проектни активности, Т – табела, петторед, призма, растурени секвенци, грозд техника, ЗСНУ, изработка на стрип, користење на ИКТ во наставата и др.. Зголемена е примената на ИКТ во процесот на стекнување знаења и вештини кај учениците со опремувањето на сите кабинети во централното училиште и училниците во подрачните училишта со компјутери и ЛЦД телевизори. Од учебната 2021/2022 година во училниците од одделенска настава опремени се смарт табли, но потребно е следење на обуки кои ќе им овозможат на одделенските наставници непречено да ги користат и употребуваат во наставата истите.

Изборот на задачите и активностите се врши согласно пропишаните планови и програми, според потребите во тековната настава и можностите на учениците. Ресурсите на училиштето задоволуваат, а се користи и она што може да го понуди локалната средина (примероци на животни и растенија, глина, разни видови на материјали, природни ресурси, производни ресурси и др.)

Наставниците се трудат да им приоѓаат на учениците позитивно, соработнички, демократски, оптимистички, поттикнувачки, без предрасуди и стереотипи.

Работата на наставниците училиштето ја оценува преку посети на час од страна на директорот и педагогот, реализација на нагледни часови, учество и успехот на учениците на разни натпревари, конкурси, следење на степенот на примена на стекнатите знаења на разни семинари и обуки за стручно усовршување (обуки за ИКТ, активни методи на учење, работа со ученици со посебни потреби, оценување и др.).

3.3. Во нашето училиште се настојува училишната зграда и училниците да бидат стимулативна средина за учење. Сите училниците од одделенската наставата како и на вишите одделенија се уредуваат во насока на развивање креативна мисла, продлабочување на претходните знаења на учениците, истакнати се дела и изработки на самите ученици и на тој начин се стимулираат да го изразуваат нивниот став, мисла и креативност.

Атмосферата на часовите е мотивирачка и се одликува со меѓусебна соработка, почит и одговорност, поставување прашања, одговарање и укажување, поттикнување на искуството од секојдневието до проширување на знаењата. Наставниците настојуваат да ги вклучат сите ученици во процесот на учење според нивните способности. Во редовната настава се вклучени 2 ученика кои што следат настава според индивидуален образовен план (ИОП), за истите ученика кога доаѓа специјален едукатор – рехабилитатор во нашето училиште (два дена во неделата), остварува средба со нив. За тие ученици има доделено образовни асистенти

Во нашето училиште наставата се реализира исклучиво на македонски јазик затоа што сите ученици се изјаснети како Македонци. Ученици со различно етничко потекло во нашето училиште нема.

Учениците од различно социјално потекло, како и половата застапеност училишната средина ги стимулира на тој начин што сите ученици се третираат според принципот на еднаквост и рамноправност од страна на сите наставници, управата и раководството и тоа

со приближно еднаква застапеност во сите училишни приредби, натпревари, конкурси, проекти – се разбира во зависност од нивните способности.

Постојано се настојува училиштето да биде стимулативна средина за учење и напредување и да биде атмосфера на соработка и личен развој.

3.4. Почитувањето на различните потреби на учениците во настава во нашето училиште се применува постојано. За учениците со различни способности се користат соодветно дозирани задачи кои одговараат на нивните интелектуални потреби, можности и способности.

При запишувањето на учениците во I одд. комисијата составена од педагог, специјален едукатор-рехабилитатор и наставниците, разговара и го набљудува детето и доколку воочат одредени потешкотии во развојот, ги анализираат и разговараат со родителот, го информираат за потребна дополнителна проценка на индивидуалниот развој на детето која ја прави комисија за проценка - МКФ со седиште во Скопје или Струмица. Понатаму се следи нивното напредување во наставата, резултати од тестови, контролни задачи. По потреба наставникот ги прилагодува барањата според можностите на ученикот. При премин од одделенска во предметна настава, предметните наставници се запознаваат со можностите и карактеристичните способности на учениците, како и со потребата од прилагодување на барањата.

Поддршката на наставниците за задоволување на различните потреби на учениците е во вид на разговор, стручни консултации, морална поддршка, креативна слобода, посета на семинари. Сето тоа се реализира интерно во училиштето меѓу наставниците, педагогот, специјален едукатор-рехабилитатор и директорот, во соработка со колеги од соодветен профил од други училишта во регионот, со БРО и др..

3.5. Оценувањето се изведува преку усно и писмено проверување на знаењата и вештините на учениците, следење на активноста за време на часовите, оценување на проекти, портфолио и извештаи.

Учениците за своите постигања од наставниците добиваат усни и писмени повратни информации, со кои им се укажува на позитивните страни на нивното учење но и на слабостите и начините како да ги надминат. Учениците од I-III одд. се оценуваат со описни оценки, од IV-VI се оценуваат комбинирано, описно на прво тримесечие, на крајот од прво полугодие и трето тримесечие, бројчано на крај на учебна година, додека учениците од VII-IX одд. се оценуваат бројчано.

Методите на оценување кои ги користат наставниците се: индуктивно – дедукативен метод на оценување за време на обработка на наставна содржина (развојно), усни презентации, тестови, писмени работи, практично (истражување, демонстрација, графичко – ликовно прикажување, изработка на дијаграми и други тродимензионални форми). Формите на оценување кои ги користат наставниците за добивање информации за напредокот на учениците зависат од нивото на интелектуалната подготвеност на субјектите кои учествуваат во наставниот процес; од целта која сака да ја постигне наставникот.

Секој наставник при оценувањето поаѓа од законските одредби односно, описно и бројчано ги оценува постигањата на учениците зависно од одделението и возраста на учениците. Проверувањето се врши според целите на наставната програма, преку усно, писмено проверување, но зависно од карактерот на наставниот предмет и преку проверка на изработки и практични изведби. Евидентирањето на постигањата се врши во електронски дневник во информации и анализи на писмени проверки (тестови, контролни задачи, писмени, работи, извештаи, портфолио). Оценувањето се врши на основа на

Стандарди и критериуми за оценување изготвени од БРО по секој наставен предмет и според сопствен план на оценување.

3.6. Родителите редовно се информираат за постигањата на учениците усно преку непосредни контакти со наставниците, родителски средби, телефонски контакти и писмено преку евидентен лист за постигнатиот успех по наставни предмети на тромесечие, на крајот на прво полугодие и крајот на учебната година. Истите информации родителите имаат можност да ги добијат и преку користење на електронскиот дневник кој редовно го пополнуваат наставниците. За родителите на ученици кои имаат слаб успех или манифестираат несоодветно однесување, се одржуваат советувања, исто така се одржуваат индивидуални и групни советувања со самите ученици за намалување на успехот, за нередовност во наставата или за несоодветно однесување.

Интересирањето на родителите за напредокот на нивното дете е секогаш прифатено од страна на училиштето. Со заедничка поддршка на учениците се делува за надминување на проблемите и мотивирање на ученикот за повисоки постигања и поголема активност во процесот на учење и стекнување знаења и вештини. Меѓутоа во поглед на таа соработка, треба поголема заинтересираност и вклученост од страна на сите родители.

## 4. **Поддршка на учениците**

Оваа област е анализирана според 4 индикатори изразени низ соодветните теми:

*4.1. Севкупна грижа за учениците;*
*4.2. Здравје;*
*4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците;*
*4.4. Следење на напредокот;*

4.1. Училиштето претставува безбедна и стимулативна средина каде на секој ученик му е овозможено да го следи воспитно-образовниот процес. Во училиштето има безбедни услови за престој и следење на наставата. Училиштето има донесено Куќен ред и Кодекс на однесување кој што е споделен и на огласната табла во училиштето и во сите училници и редовно сите ученици се повикуваат на негово почитување а во насока на нивна заштита и безбедност  додека ја следат наставата. Состојбата со мебелот задоволува. Струјните места се безбедни, поставени се противпожарни апарати на сите спратови, кои редовно се сервисираат од лиценцирана фирма, а за нивна правилна употреба во случај на пожар, обучени се тројца вработени во училиштето. Оптимални се условите за работа во ПУ Давидово, ПУ Милетково и ПУ Смоквица. Во ПУ Милетково потребно е да се изврши промена на азбестен покрив и промена на под, во ПУ Смоквица промена на фасада. Емоционалните, физичките и социјалните потреби на сите момчиња и девојчиња училиштето ги проценува преку разговори, дискусии на одделенски час, преку разговори на учениците со педагогот и директорот на училиштето, преку разговори на одделенскиот раководител, родителите на учениците, преку дискусии и одлуки на Совет на родители, Наставнички совет и Училишен одбор, преку соработка со Центарот на социјална работа, Пионерски дом, Градска библиотека, МВР, други училишта, матични лекари од Миравци и др.

Учениците со посебни физички, здравствени и ментални проблеми, училиштето ги идентификува преку набљудување, разговори и тестирања. Учениците постојано се следат

од страна на наставниците на секој час и на одморите. Се следи  и начинот на нивното дружење со останатите ученици. Доколку се забележи нешто што може да се идентификува како можен проблем за негово напредување, се разговара со родителот, со педагогот и специјален едукатор-рехабилитатор. Доколку има потреба се консултираат и други институции (по претходна консултација со родителите). Понатаму се превземаат или се поттикнува превземање мерки и постапки за помош на овие ученици во и вон училиштето.

Училиштето има изготвено План за заштита и евакуација од елементарни непогоди и редовно се изведуваат симулации за заштита при земјотрес и пожар и со вработените и со учениците.

4.2. Грижата за учениците е постојана. Поврзано со безбедноста е и грижата за здравјето на учениците. Тоа се манифестира преку реализација на различни наставни содржини, преку редовни контроли на личната хигиена на учениците, преку секојдневно детално чистење и дезинфекција на целото училиште, преку редовни систематски прегледи и имунизација на учениците и вработените, преку следење на отсуства на ученици во периодите од учебната година кога има масовна појава на некои сезонски, заразни болести и друго. Обновени се плочките во сите санитарни јазли и поставени се клозетски шолји во ООУ и ПУ, изграден е тоалет за деца со посебни потреби со тоа што е пренаменет и изменет дел од ходникот.

Во нашата средина спортот е многу популарен, а преку спортските активности се негува и развива правилен раст и развој на учениците.

4.3. Нашето училиште се грижи да им помогне на учениците во изборот на нивното понатамошно образование преку реализација на содржините на задолжителна настава, воннаставни активности и преку соработка со средни училишта и други институции. На часовите се обработуваат теми преку кои се влијае на личноста на учениците да умеат да размислуваат, да проценуваат, да ги идентификуваат своите способности, потреби и желби. Учениците од страна на наставниците и педагогот се информираат за видовите средно образование, струки, занимања и образовни профили. Добиваат совети за правилен избор на идното училиште во кое ќе го продолжат своето образование и за професионално определување.

Во второто полугодие од учебната година од страна на педагогот следејќи ја програмата за Професионална ориентација, се реализираат повеќе средби со учениците од деветто одделение на кои се анализираат начините на препознавање на своите можности, запознавање со барањата на некои професии, кои се начините на оценување на своите досегашни резултати и увидување на своите шанси за запишување во она средно училиште каде имаат желба да се запишат. Се разгледуваат конкурсните услови, начините на бодирање, каква документација треба да поднесат при запишување итн. Во последните денови од учебната година, претставници од средните училишта вршат презентации на програмите за работа на различни средни училишта.  На учениците им се доставуваат флаери со потребните податоци во врска со уписите во средните училишта и можностите што ги нудат за стекнување знаења и вештини потребни за идното занимање, или продолжување на високо образование на соодветните факултети.

4.5.Напредувањата на учениците се следат континуирано и преку целата учебна година. Училиштето води евиденција за напредокот на учениците во електронскиот дневник, со анегдотски белешки потребни за формативно и сумативно оценување, евидентни листови, матични книги, досиеја на ученици. Како составен дел на овие документи е и оценката за поведението на учениците. На оние ученици кои покажуваат изразито незадоволително поведение им се изрекуваат педагошки мерки согласно правилникот за пофалби, награди и педагошки мерки на учениците.

На состаноци на Наставнички совет се дискутираат причините за некоја негативна појава, се известува за превземените чекори за поправање на состојбата, се предлагаат идеи за разрешување и др.

Напредокот на учениците, зголемувањето на нивните постигања, поттикнувањето на нивните способности, се носечки цели во сите планови и програми во едно училиште. Поради нивната важност, се води исцрпна евиденција и за тоа се поднесуваат извештаи до Училишниот одбор, Општина Гевгелија, Министерство за образование, Биро за развој, Државен просветен инспекторат и др.

5. **Училишна клима**

Оваа област е анализирана според 4 индикатори кои се изразени низ соодветните теми а тоа се :

*5.1. Училишна клима и односи во училиштето;*
*5.2. Промовирање на постигнувањата;*
*5.3. Еднаквост и правичност;*
*5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница;*

5.1. Училиштето во своето долгогодишно работење има изградено свој имиџ и важи за угледно училиште кое успешно ги остварува целите и задачите на основното образование. Воспоставена е дисциплина во работењето на вработените и однесувањето на учениците. Со голема одговорност и посветеност во извршувањето на обврските, ја остварува мисијата и континуирано ги насочува, организира и реализира активностите кон остварување на визијата. Се грижи за безбедност и правилен развој на учениците. Ги негува принципите на родова сензитивност и мултикултурализам. И ги почитува сите ученици независно од нивните способности и образовни потреби. Ја јакне соработката со родителите и заедницата и заедно - наставниците, учениците и родителите, допринесуваат училиштето да го чувствуваат како втор дом и секој да биде горд на него.

Со Куќен ред и правила за однесување во училиштето се дефинирани правата и обврските на вработените и учениците во поглед на однесувањето во училиштето па и надвор од него. Изготвен е Кодекс на однесување за наставниците, учениците и нивните родители. За направени прекршоци во однесувањето односно непочитување на правилата, се изрекуваат педагошки мерки за учениците, кои за среќа се малку.

Во училиштето постојат изградени односи на соработка и почитување, професионалност во извршувањето на задачите, меѓусебна поддршка помеѓу вработените, учениците и родителите во сите сфери на воспитно-образовната дејност. Третманот на сите ученици е подеднакво, независно од нивниот пол, етничка и верска припадност, социо-економски и емоционален развој.

Дисциплината во училиштето е солидна, а се должи на традиција на одржување, поттикнување и свесно прифаќање на правила на однесување и меѓусебно почитување. На часовите има работна дисциплина, а на одморите, преку дежурства на наставници и други вработени, се постигнува потребната безбедност. Најмалите ученици се примаат при доаѓање и се испраќаат по завршувањето на часовите. При обиди за нарушување на дисциплината на часот или на одморите, реагираат: наставникот, одделенскиот раководител, а по потреба и директорот, дефектологот и педагогот и во зависност од видот на однесување се постапува според Правилник за изрекување педагошки мерки. Како предизвик можеме да го истакнеме недозволеното користење на мобилни телефони за време на настава, за кое ќе превземеме нови мерки уште на самиот почеток на учебната 2023/2024 година.

Учениците се информираат за некои активности и задачи кои се планираат, а се од нивен интерес, и зависно од содржината, карактерот може да се вклучат во нивното остварување и донесување одлуки.

5.2. Училиштето ги мотивира учениците за постигање на повисоки резултати освен низ задолжителната настава и на часови од додатна настава, учество проекти, училишни активности, натпревари и сл.. Повеќето наставници училницата ја уредуваат со соодветни нагледни средства и ученички творби, со што таа претставува стимулативна средина за учење, а учениците се чувствуваат пријатно и поттикнати за поголема дисциплина, активност и повисоки постигања. Заслугите и успесите се истакнуваат и пофалуваат, а творбите и другите изработки се истакнуваат во училницата или во другиот училишен простор. Фактот што училиштето е помало, со помал број на ученици и воспитно-образовен кадар, овозможува секој ученик и вработен да биде вистински слушнат и сите да се чувствуваат како дел од едно големо семејство.

Училиштето организира ученички натпревари и учествува на натпревари од општинско, регионално и државно ниво. Со големи ангажирања на учениците заедно со наставниците се постигнуваат резултати, а училиштето има традиција за пофалување и наградување на учениците најчесто со книга или училишен прибор. Се прогласува првенец на генерација и се наградува со книга и пригоден подарок од страна на училиштето а од Градоначалникот на општината добива парична награда. Наставниците јавно се пофалуваат за постигнатите резултати а за постигнати високи резултати на државно ниво се наградуваат со книга. Скромно, но сепак поттикнувачки и мотивирачки за понатамошно ангажирање. Освен на натпревари, учениците своите лични креативни способности ги изразуваат и преку активно учество во работата на слободните ученички активности, на литературни и ликовни конкурси, на јавни манифестации од културно-забавен карактер и друго.

5.3. Учениците се запознаваат со своите права и обврски, им се укажува дека треба да бараат да се почитуваат нивните права, но да ги почитуваат и правата на другите. Во училиштето од страна на вработените се почитуваат правата на децата и на родителите им се посочува да ги почитуваат истите.

Сите вработени имаат подеднаков третман кон сите ученици независно од полот, етничка припадност, социјално потекло и способности и истиот третман настојуваат да го наметнат и меѓу учениците. Тоа е застапено во наставниот процес и во вонnаставните активности. Сите ученици и вработени се Македонци, но сепак при реализацијата на содржините на наставната програма се истакнува почитувањето на етничката, верска,

културна и јазична разноликост. Исто така се гради почитување на културата и традицијата на нашата држава, но и почитување на туѓите култури и традиции.

5.4. Соработката на училиштето со родителите се остварува преку повеќе форми. Индивидуални контакти, посебни и општи родителски средби, отворен ден за соработка, советување на родители и друго, вклучување на родители во реализација на некои содржини и предавања, во организирање заеднички активности друго. Организирана форма на делување на родителите е Совет на родители. Советот повремено одржува состаноци на кои се запознаваат со целите и задачите за работа, активностите кои ги планира училиштето, и дава идеи и предлози за одредени прашања. Училиштето изготвува и доставува до родителите Информатор за целокупната организација на воспитно-образовната работа, а со воведувањето на е-дневник и родителите можат да ја следат евиденцијата на реализацијата на наставната програма, редовноста, како и напредувањето на своето дете, односно успехот и поведението.

Училиштето соработува со локалната заедница и е вклучено во реализирање на активности од локално ниво па и активности кои ги организира државата, во реализирање на заеднички проекти и слично. Локалната заедница учествува во подобрувањето на условите за работа што би придонеле за повисок квалитет во работењето.

Во реализацијата на наставните и воннаставните активности, училиштето соработува со деловни заедници од населбата и пошироко. Соработката се состои во посети и добивање информации за нивниот процес на работа, добивање помош во вид на наставни средства и помагала. А со невладини организации има соработка по нивна иницијатива за организирање акции, предавања, посети, работилници и сл. Овие проекти беа видно намалени и поретки поради следење на Протокол, но се надеваме дека во блиска иднина ќе надоместиме во тој поглед.

6. **Ресурси**

Оваа област е анализирана според 5 индикатори кои се изразени низ соодветните теми а тоа се :

*6.1. Сместување и просторни капацитети;*
*6.2. Наставни средства и материјали;*
*6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар;*
*6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар;*
*6.5. Финансиско работење на училиштето;*

6.1. Основното училиште во Миравци има одлични услови за работа. Располага со 11 стандардни простории, наставата се реализираше кабинетски пред пандемијата со КОВИД 19, а предвидено е пред почетокот на оваа учебна 2023/24 година повторно да се оспособат кабинетите на предметните наставници и учениците да остваруваат кабинетска настава. Просторните капацитети дозволуваат наставата да се одвива само во една, прва, смена. Сите простории се користат максимално од страна на сите ученици. Заедничките простории: трпезарија, аула, ходници, канцеларии се користат од страна на сите ученици и вработени.

Санитарни јазли има на секој кат (три) за учениците, како и во склоп на училишната кујна и административниот дел за вработените. Истите се во одлична состојба.

Секоја година, континуирано и по потреба се извршуваат замени (врати и прозорци) се надополнува и се реконструира она што е помалку функционално (обновени се

санитарните јазли со нови плочки и клозетски шолји), а се заменува со функционално, од неодамна се изгради тоалет за деца со посебни потреби со тоа што се пренамени и измени дел од ходникот. Постојано се врши уредување на холот, се надоградува и надополнува. Наставата по физичко и здравствено образование веќе неколку години наназад се реализира во новоизградената спортска сала.

Во подрачните училишта училничкиот простор е адекватен, се користи максимално од сите ученици. Заеднички простории има во сите подрачни училишта (училници прилагодени во сали за физичко, за играње на одмор кога е ладно или жешко, простор за исхрана). Состојбата со санитарните јазли во трите подрачни се нови/обновени, соодветни и ги задоволуваат санитарно хигиенските прописи.

6.2. Училиштето располага со стручна литература од сите области и настојува да набави она што е неопходно и корисно за дополнителни содржини и сознанија по сите наставни предмети. Исто така и состојбата со наставни средства и помагала континуирано се подобрува според потребите искажани од наставниците. Наставниците користат дестоп – компјутери и телевизори, кои ги има во сите училниците , а интернетот е достапен и за учениците и за вработените.

Во ПУ Смоквица, Милетково и Давидово старите дотраени печки уште од 1999 год, се заменети со нови печки на дрва.

Училишната библиотека располага со 7663 книги, во кои се и лектирните изданија. Работи секој ден според изготвен распоред и има одговорен наставник. Исто така се ангажираат и ученици волонтери. Има уредна евиденција и компјутер со пристап до интернет. Ја користат не само учениците туку и средношколци и студенти од населеното место. Има потреба од зголемување на бројот на лектирни изданија.

Пред секоја нова учебна година, навремено се планира и набавува потрошен материјал за потребите на наставниот процес (хартија, хамер, креди, бои, тонер, пенкала, фломастери, стиропор и други материјали), како и соодветен/потребен мебел во воспитно-образовниот процес и дидактички/нагледни средства.

6.3. Целокупниот персонал составен од 34 вработени (10 од машки пол и 24 од женски пол) редовно и одговорно ги извршуваат своите работни задачи. Од нив со високо образование се 9 мажи и 16 жени – вкупно 25. Со више образование се 2 жени–вкупно 2. Со средно образование 1 маж, со основно образование 1 маж и 5 жени. Сите вработени се со соодветна стручност што го бара работното место. Старосната структура на вработените е со следното: од 20-30 години 3 вработени, од 31-40 се 12 вработени, од 41-50 се 10 вработени и 51-60 се 8 вработени и 1 со над 61 годишна возраст..

Училиштето нема посебен пишан документ - стратегија за ангажирање на персонал со повисоки квалификации и стручност за обезбедување помош, поддршка на наставниците, но истата сепак се реализира. На состаноци на стручни активи, тимот за професионален развој, како и при индивидуални консултативни состаноци, наставниците директорот и педагогот постојано си помагаат, поддржуваат, разменуваат искуства и информации за начините на првична примена на некоја новина, реализација на различни проекти, програми за имплементација на ИКТ и оценување, за подобрување на квалитетот на тестовите и наставните ливчиња, мислења за примена на разновидни ликовни и техники и аудио визуелни апаратури, соработка при работа на разни воспитни проблеми и друго.

Во училиштето има вработен стручен соработник-педагог а специјален едукатор-

рехабилитатор (доаѓа два дена во неделата од ООУ „Ристо Шуклев“ – Негорци. Истите се отворени за соработка со наставниците, учениците и нивните родители. Работните задачи ги извршуваат според сопствените програми. Учествуваат во планирањето и организирањето на наставата и воннаставните активности, соработуваат со наставниците, директорот и родителите во разрешување на проблеми кај учениците, вршат советодавна работа и водат евиденција за реализирани активности, го следат напредокот на учениците и наставниот процес. Вршат испитувања, анкети, анализи, извештаи, учествуваат во изготвување на Годишна програма, Развоен план, Самоевалуација на училиштето, Полугодишен и Годишен извештај. Учествуваат на семинари и обуки за професионален развој и сл. Членови се на инклузивниот училишен тим и инклузивните тимови за учениците со ПОП.

За да ја оцени работата на наставниците, директорот во соработка со педагогот, реализира увиди на часовите на наставниците, како и консултативно советодавни разговори после секој увид или констатирана состојба од секојдневното следење на целокупното работење.

6.4. За да ги идентификува потребите за професионален развој, директорот разговара индивидуално со наставниците, ги следи нивните часови, преку учество во работата на стручните органи и тела, како и на состанок на тимот за професионален развој и др.

Најчесто потребите за организирано професионално усовршување се задоволуваат преку разни семинари и обуки кои ги организира БРО, преку дисеминација во училиштето кои го спроведуваат самите вработени, преку користење на стручни материјали и друго. Оваа учебна година како и претходната наставниците , стручните соработници и директорот следеа повеќе онлајн обуки-вебинари. Поголемиот дел од наставниот кадар чувствува потреба од посебни програми за работа со ученици со намалени способности, асоцијално однесување, за подобрување на дисциплината на одморите и друго.

6.5. За да се обезбеди добро спроведување и контролирање на финасиското работење во училиштето, се превзема следното: навремено обезбедување финансиски средства од Општина Гевгелија преку изготвување годишен финансов план-буџет за наменските дотации и за самофинансирачката сметка за наредната учебна година и се разгледува, усвојува и донесува одлука Училишниот Одбор и се доставува до Совет на општина Гевгелија на усвојување. Потоа, од општина Гевгелија се добива решение за негово усвојување. Врз основа на годишниот финансов план-буџет се изготвуваат квартални планови кои исто така се доставуваат до општина Гевгелија за нивно одобрување. Обезбедените финансиски средства наменски се користат по конта и подконта, и уредно и ажурно се води книговодствената евиденција што овозможува навремено согледување на моментната финансиска состојба и превземање на благовремени мерки за рационално искористување на преостанатите средства. Увид во финансиската состојба се врши секојдневно преку системот е-обврски преку Министерството за финансии.

Пред изготвување на годишниот финансов план-буџет и за време на реализација на истиот, се информираат: сите вработени, Училишниот одбор, Советот на родители и ученичката заедница. Паралелно од горенаведените органи се добиваат консултации и предлози кои понатаму се користат за изготвување на годишните планови. Училиштето еднаш годишно, по завршна сметка го информира Училишниот одбор за целокупното финансово работење, односно за состојбата на: сметката за наменски донации

финансирани од Општина Гевгелија, самофинансирачката сметка на училиштето и сметката за проекти од МОН.

Во склоп на централното училиште постојат три подрачни училишта. Планирањето на финасиските средства за подрачните училишта е правилно застапено, согласно годишните финансови планови-буџети. Подрачните училишта месечно се снабдуваат со средства за хигиена и ситен инвентар, и наставни материјали за одвивање на наставата. Одржување на подрачните училишта се остварува непречено, преку целата година.

7. **Управување, раководење и креирање политика**

Оваа област е анализирана според 2 индикатора изразен низ соодветните теми:

*7.1. Управување и раководење со училиштето;*

*7.2. Цели и креирање на училишната политика;*

7.1. Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор кој е формиран согласно законските одредби и Статутот на училиштето. Го сочинуваат 7 членови кои ги одржуваат состаноците со присутни мнозинство на членови и според Програмата за работа. Има воспоставено соработнички односи со директорот на училиштето и редовно информира за донесени одлуки.

Раководниот орган професионално и одговорно ги извршува задачите и активностите кои се планирани со Програмата. Соработува со наставниците, педагогот, учениците и нивните родители, како и со други воспитно-образовни институции и локалната заедница. Своите ангажирања ги насочува кон остварување на сопствената визија и визијата на училиштето, и преку тимска работа ги вклучува сите субјекти во остварување на целите и подобрување на квалитетот на наставата. При донесувањето одлуки поаѓа од општиот напредок на училиштето и ги почитува интересите на учениците и вработените.

7.2 Училиштето има изградени ставови во врска со дисциплината и дисциплинските мерки, насилничкото однесување, сексуалното малтретирање и дискриминација. Секогаш кога некој ученик го нарушува редот и дисциплината за време и по часовите, најпрво се разговара со ученикот од страна на одделенскиот раководител, наставникот и стручната служба, зависно од ситуацијата навремено се известуваат родителите, а потоа се постапува согласно правилникот за пофалби, награди и педагошки мерки, поткрепено со одлука на Наставнички совет. Во случаи кога нашите ингеренции и овластувања не се доволни за разрешување на некој проблем, бареме соработка и помош од ЦСР, ДПИ. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење, инклузија, меѓуетничка интеграција во образованието, намалување на сите видови насилства, посебно меѓуврсничко насилство, антикорупциска едукација на учениците, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, итн
Со развојното планирање јасно се дефинирани мисијата, визијата и вредностите на училиштето, приоритетните подрачја за акциски планирања преку поставување цели, задачи и активности чија реализација треба да ги надмине идентификуваните слабости и да го подигне квалитетот на работењето на училиштето. При одредување на стратегијата за идни активности, училиштето преку анкети, интервјуа и непосредни контакти добива мислење од вработените, родителите и учениците, а потоа заеднички се дефинираат приоритетите за подобрување на работењето.

Постојано се испитуваат потребите за стручно усовршување на наставниците, и има воспоставено систем за дисеминација. Нагледните средства кои се во функција се користат во процесот на наставата и другите вонннаставни активности, а училиштето постојано обезбедува средства за нивно континуирано одржување. Постојано се работи на подобрување на инфраструктурата, во голем дел планираните зафати се извршени, а за истите планира средства во согласност со општината. Воспоставен е систем и редовна соработка со локалната самоуправа и заедница за подобрување и осовременување на инфраструктурата со цел да се подигнат стандардите на образованието во нашето училиште и да се промовираат повисоки постигања на учениците.

Според извршената самоевалуција комисијата донесе одредени предлог-мерки за надминување на некои слаби страни на училиштето, во насока на поголем напредок и развој на училиштето, осовременување на воспитно-образовниот процес и подигнување на стандардите за учење. Тие ќе бидат планирани со Развојниот план за следните 4 години и Годишната програма на училиштето. Тоа се :

1. Поголема вклученост и активност на родителите во воспитно-образовниот процес на учениците;
2. Изготвување план и стратегија од страна на наставниците за полесно совладување на НПП по новата концепција;
3. Обучување на наставниците за успешно користење на интерактивните таблите и друга нова ИКТ опрема;
4. Ставање во функција на Училишниот спортски клуб спрема потребите на учениците;
5. Подобрување и почитување на Кодексот на однесување (решавање на проблемот со користење на мобилни телефони) од страна на учениците во училиштето;
6. Да се изготви процедура за следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус преку дијагностичко оценување;
7. Да се изгради систем за идентификување и работа со талентирани и надарени ученици, како и за работа со ученици со посебни образовни потреби;
8. Обуки за наставниците и стручните соработници за препознавање рана стимулација и работа со надарени и талентирани деца;
9. Изнаоѓање просторно решение за реализирање на кабинетска настава;
10. Организирање семинари и обука за наставниците за подобрување на личниот професионален развој;
11. Поставување на разладни уреди во сите училници за овозможување нормално одвивање на наставата во летниот период;
12. Подобрување на условите за реализација на настава во ЦОУ и ПУ:
    -Обелување на училниците во ПУ;
    -Изработка на плакари во остави и кабинети во ЦОУ;
    -Промена на лимарија на дел од кров на спортската сала (машка и женска соблекувална);
    -Промена на азбестен кров во ПУ Милетково и реконструкција на дел од таванот;
    -Нова фасада во ПУ Смоквица;
13. Обезбедување обуки на наставниот кадар согласно изразените потреби (пр.за да се овозможи изучување на слободен изборен предмет - шах);

14. Доуредување на внатрешноста на училишната зграда со поставување клупи и уредување на катчиња за седење низ училишните ходници како и збогатување на просторот со разни тематски мурали;
15. Потреба од изградба на потпорен ѕид во ЦОУ во западно крило помеѓу училишната зграда и паркинг просторот;
16. Вклучување на родителите преку Совет на родители во детектирање на подрачјата на промени и приоритетите со развојното планирање на училиштето;
17. Поттикнување на Училишниот одбор, за предлагање иницијативи и носење одлуки за подобрување на условите во училиштето и организацијата на наставата и воннаставните активности;
18. Осветлување на училишниот двор.

Комисијата Извештајот од извршената самоевалуација на работењето на училиштето ќе го достави до Училишниот одбор, до В.д. директорот на училиштето и до основачот.

Комисија за самоевалуација :

1. Ивана Ристова – стручен соработник, педагог
2. Благица Ѓореска – одделенски наставник
3. Марија Ристова – одделенски наставник
4. Сузана Ѓоргиева – наставник по англиски јазик
5. Александра Марковска - родител

Дата: 10.08.2023 година
Дата: 10.08.2023